


# ИНТЕРВЈУ-ВЛАДО ЈАНЕВСКИ



Владо Јаневски е роден во с. Прострање, Западна Македонија, живеел и студирал во Битола и Скопје, но од пред дваесетина години живее во Австралија. Тој е креативен ум кој не се ограничува ни во изборот на медиумите, ни во изборот на стилот и жанрот. Го запознав сосема случајно преку интернет читајќи ги неговите хумористични стрип каиши за светот на Мачорот Бромо, но понатаму открив дека пишува проза и поезија и се занимава со сликарство подеднакво успешно на сите полиња. Тој за себе ќе каже :

За тип како мене веројатно повеќето читатели на ова интервју би си помислиле – Владо Јаневски? Убаво име, но не е пејачот, тогаш кој е по ѓаволите овој анонимус? А тоа не е далеку од вистината, анонимус сум. Не е дека не сум постигнал нешто до сега – на пример сум бил објавуван и наградуван повеќе пати: објавени збирка раскази, роман, исто и еден од наградуваните автори во две други збирки раскази, нешто објавувана поезија и... што со тоа? Ништо, буквално ништо. Можам да кажувам уште, на пример дека сум изложувал и продал извесен број на свои слики, особено во последно време, сум работел на неколку свои стрипови, но пак, што со тоа? Ако тука ги набројам сите тие мои т.н. „достигнувања“, со имиња на објавените книги, издавачи, списанија, портали тогаш некој ќе си помисли дека сепак сум постигнал нешто. Но мислам дека тоа не е така, дека сепак по своја вина (или можеби по вина на македонскиот систем на вредности?) сум еден обичен анонимус. Тоа е едно, а друго е тоа што навистина ме иртираат такви типови за кои мислиш не постигнале ништо вредно/креативно, но кога ќе им се укаже (ваква) прилика да зборуват за себе тогаш дури си трепнал ќе состават цел список од достигнувања небаре безмалку уште Нобелова награда или Оскар им недостига. Па, отприлика тоа сум јас, анонимус, десперадо, отпадник, залутан во белиот свет (веќе 25 години во Австралија), маргинализиран од интелектуалните/уметничките кругови во Македонија – како во литературата, така и во сликарството, стрипот, науката... Значи ги имам сите предуслови да исчезнам за секогаш, како воопшто да не сум постоел, но ете, сепак тука и таму проблеснувам на се помрачното небо во Македонија. Не се предавам така лесно, се борам, понекогаш релативно успешно - можеби токму затоа што сум анонимен и умеам да боцнам таму каде што најмалку очекуваат. Единствена сатисфакција ми е микроскопскиот круг на оние што го ценат мојот труд. Иако тој круг е толку мал, тоа се луѓе кои се бројат на дланка, но ми значат и ми даваат сила да продолжам, инаку одамна ќе се откажев.

**1** Бидејќи си уметник кој се изразува преку повеќе различни медиуми, од пишување раскази, преку пишување роман и сликање до илустрирање и креирање стрипови, би те запрашала преку кој медиум се чувствуваш најслободен и кој медиум ти е најпогоден за изразување на твоите уметнички пориви?

Уметник? Најпрвин како тоа чудно звучи, барем за мене... Навистина, и после сиве овие години сеуште не се претставувам/замислувам како таков, уште помалку како писател, раскажувач, сликар, стрип автор... но факт е дека без секојдневното дружење со уметноста и постојаниот обид да се создава/експериментира не би можел да опстанам – сето тоа е дел од мене, можеби поголемиот дел. Најслободен и најпогоден начин на изразување? Не знам, повеќето од погоре споменатите начини ми се толку блиски што почнуваат да се слеваат во едно. За мене најважно (читај: уживање) е раскажување на приказна, по можност интересна, кажана на мој начин, но истовремено потрага по свој препознатлив стил. Ако така ги гледам работите тогаш

веројатно во тоа најдалеку сум отишол во сликарството и стрипот – кога сликам или кога работам на стрипот се чувствувам како во истиот момент да сум зачекорил во еден друг свет. Од друга страна пишувањето бара повеќе време, а за жал живеам во многу динамичен свет така да тој начин на изразување не ми е најпогоден, бидејќи немам многу слободно време на располагање и постојано сум прекинуван. Затоа пак успевам набрзина да насликам, илустрирам нешто или да направам нова стрип епизода, каиш итн. Но, и тогаш морам да работам брзо и да го завршам она што сум го наумил пред да бидам пак прекинат (кога еднаш сум прекинат тешко се навраќам на она што сум го започнал). Навистина, би сакал кога би можел да бидам оставен да работам подолго време, без прекини, на една слика или стрип каиш, да го дотерувам со денови, но за жал кај мене тоа мора да биде завршено од прва рака и најчесто само за час или максимум 2-3 часа. Што да правам кога живеам во таков свет, ми останува или да се прилагодам и работам брзо или да престанам да се занимавам со она што најмногу го сакам – уметноста.

## 2 Дали се сеќаваш со што прво почна да се занимаваш и интересираш во детството, дали тоа беше пишувањето или цртањето?

По природа сум визуелен тип, сакам, по можност, она што ми се мота во главата да го претставам на хартија, најчесто како скица, цртеж. Како дете сакав да цртам, но понекогаш тоа беше проблематично, особено на училиште, затоа што имав обичај со остар предмет да цртам по клупата пред себе. Имавме дрвени клупи, како создадени за „длабока резба“, подоцна имавме од оние светнатите клупи на кои можеше не само да се гребе туку и да се црта со молив или пенкало. Значи бев детиште што не размислуваше многу дека она што го врежував и цртав на мојата клупа може да ми се одмазди – па така, „за награда“ бев повлекуван за уши и прекоруван да престанам со уништување на инвентарот. Потоа почнав да цртам по учебниците, кориците на тетратките. Подоцна се префрлив на пишување, се сеќавам еднаш имавме писмена работа по македонски каде требаше да пишуваме состав на слободна тема. Јас решив да напишам нешто ден пред тоа, демек се припремав дома, и бидејќи ми се допадна она што го подготвив решив да го препишам на час, значи препишував од себе си. Но наставничката мислеше поинаку, не сакаше да го чуе објаснувањето дека она што го препишував беше мое дело, ме избрка од час пишувајќи ми единица. Сепак, и покрај запаѓање во екстремни ситуации, не бев лош ученик, на крајот на годината секогаш некако успевав да се „нормализирам“ и најчесто поминував одличен или во најлош случај многу добар.

## 3 Бидејќи си голем индивидуалец, дали повеќе сакаш сам да работиш или сакаш да соработуваш со некого?

Да, по природа сум индивидуалец, на пример имам некоја идеја и сакам да ја истерам до крај, мислам дека во тоа сум прилично добар – сакам да го видам завршено она што сум го наумил, по можност веднаш, уште истиот ден. Кога соработуваш тогаш процесот е малку поинаков. Ова првенствено се однесува на стрипот, бидејќи во другите форми, како сликарство или пишување индивидуализмот се претпочита. На полето на стрипот сум се обидувал неколку пати да соработувам, најчесто како сценарист, но најчесто сум бил одбиван. До сега сигурно некој ќе се согласеше, но веројатно не оставам добар впечаток или, кој знае, можеби не сум толку интересен како другите сценаристи или се немало слух за она што сум им го предложил како идеја, не знам. А не е дека немам

разбирање, материјал, искуство или идеи за соработка. Но што и да е, барем до сега немало соработка. Можеби ќе ја има некогаш во иднина (во што чисто се сомневам).

### 4 Што ти е најголем предизвик кога создаваш некое дело и кој е твојот процес на работа?

Предизвикот е да се има авантура, експеримент, внесување нешто свое, освојување на белината на хартијата, платното и (најчесто без некој претходен план) од таму да никне нешто што ќе те возбуди и ти даде еден вид на крилја да леташ барем додека си во тој транс на создавање. Можеби затоа имам и таков процес на работа, кога творам сакам се брзо да се случува и резултатот да биде пред мене што е можно побрзо, понекогаш дури срцето почнува забрзано да ми чука додека не го уловам во белината она што ме предизвикало , а ни самиот не знам каков ќе биде конечниот облик/изглед... Ретко се припремам, меѓудругото затоа што дури и да сакам за тоа немам време. Растргнат сум со редица други задолженија во текот на денот, така да можам да творам само многу кратко време, најчесто кога ќе се вратам од работа. Затоа не ретко си крадам и од сонот и другиот ден одам на работа недоволно наспан, понекогаш тоа моите колеги го забележуваат.

### 5 Кои се твоите размислувања за уметноста и што таа за тебе значи?

Уметноста за мене значи сè. Без неа мислам дека не би можел да функционирам. Сум забележал дека луѓето различно ја сфаќаат. Што е сосема во ред и го почитувам тоа. Веројатно во уметноста нема само еден пат за стигнување до целта, ако воопшто постои цел. Меѓутоа како што се занимаваш со уметноста така и почнуваш сè повеќе да размислуваш што всушност е тоа. Дали се работи за вештина (и план) што се извршува со висок степен на професионализам или тоа е само експлозија на креативност? Лично мислам дека има голема разлика меѓу вештина и креативност. Ако си вешт тогаш веројатно се работи само за мајсторство, и може да се рече дека оној што има таков пристап го совладал занаетот и достигнал перфекција. Но дали навистина тоа е уметност, за мене уметноста е многу повеќе од чин на мајсторство или совладување на занаетот и честопати многу помалку од перфекција. За мене уметноста е она што сум јас, она што сум успеал да го пронајдам во себеси на свој начин и со свој стил, со експериментирање на своја рака, при тоа не грижејќи се дали тоа ќе им се допадне на другите и не задушувајќи го она суровото, недоделканото во мене, во изразот, она што на некого можеби и ќе му изгледа лудо, вознемирувачко, необично, неразбирливо...

### 6 Кои се твоите најнови ангажмани и планови на полето на уметноста, во книжевноста, во ликовната уметност или стрипот?

Сакам да сликам и пишувам и го правам тоа, најчесто се задоволувам со жештината на креативниот процес, без притоа да се оптоварувам дали тоа ќе се објави или продаде. Идеално сакам секој ден да направам по една слика, или еден каиш или панел од мојот стрип или да напишам песна, расказ. Најчесто тоа ми успева, но тука запирам, не се обидувам да творам само за конкурси или стрип фестивали и слични манифестации или да пишувам роман и потоа да го издавам самиот или да губам време бркајќи потенцијален издавач. За други тоа може да биде сосема нормален пристап, но мене лично тоа ми е прилично туѓо и ја убива уметноста во мене. На пример имам повеќе ракописи – два необјавени романи,


I am scared
tomorrow is anothe day
VLADO


I Know
I Know
EXIT
VLADO


VLADO


VLADO

збирка раскази, книга за деца, графичка новела, што со години седат во фиока и кој знае дали некогаш ќе бидат објавени, но ништо страшно, бидејќи не сум ги создавал со намера да бидат објавени, тоа било повеќе предизвик/експериментирање да се содаде нешто, процесот на создавање бил интересен, како еден вид на патување, ако при тоа не се стигнало на целта (објавена книга) тогаш во некоја рака и подобро што е така, бидејќи патувањето не е завршено, нели? Инаку можам да кажам дека на пример моите слики сепак се продаваат и стрипот се објавува и мојот глас се слуша – но за тоа со стрипот можеби во некоја друга прилика.

## 7 Каде ја наоѓаш инспирацијата за создавање на своите дела?

Тоа со инспирацијата е чудна работа, сум забележал дека без неа не се може. Во мојот случај инспирацијата си ја замислувам како жена со долга коса, тука се појавува и мачор со долг опаш, многу долг опаш, повремено и птица што слетува на моето рамо, а во последно време и едно куче. Сите тие честопати се појавуваат во она што го работам, најчесто во сликите. Во секој случај, потребна ми е инспирација, најчесто се работи за жена – дали таа навистина постои или е измислена тоа веќе ни самиот не знам, но знам дека не сакам да паднам во немилост на таа жена или да имам недоразбирања со неа, но за жал тоа се случува, тогаш лутам - без инспирација.

## 8 Кои се твои омилени автори од полето на литературата, ликовната уметност и стрип уметноста?

Има повеќе автори кои ми се омилени, но не би можел да издвојам посебни имиња, најчесто се тоа имиња од светската сцена. Во секој случај има многу имиња од кои може да се научи нешто повеќе или да се добие идеја или едноставно да се изврши споредба со она што го работиш колку за ориентација каде ти е местото. Но, за жал, немам многу време да ги истражувам нивните дела, имам само еден живот и сакам да се откријам себе си преку она што го создавам.

## 9 Дали можеш да направиш споредба помеѓу ситуацијата во уметноста и колку таа се цени во Македонија и во Австралија?

Ситуацијата во уметноста во Македонија е очајна. Таму има добри уметници, за жал сè помалку, како што има сè помалку луѓе што размислуваат со своја глава, и скоро сите се задушуваат во таа транзиција што трае толку долго и како да и нема крај. Мислам дека уметниците како дел од интелектуалниот свет сепак треба да го кренат својот глас, не треба да бидат безгласни и ако треба жестоко да се борат за свето место во тој систем. Не треба да дозволуваат да бидат експлоатирани и да работат за беспари. На пример ме револтира кога еден од основните услови за соработка со стрип авторите е да не им се плаќа хонорар или се плаќа премалку. Но, за жал тоа е нешто како општо прифатено размислување таму. Навистина е застрашувачки колку лесно се прифаќа таквиот пристап/однесување кон уметниците како нешто сосема нормално, како тие да немаат сметки за плаќање, како она што го работат да паѓа од небо и е за бадијала. А пари има, верувај ми, сум се уверил со свои очи и на своја кожа, во Македонија има пари за новинарите и уметниците и нивните дела, за она што им се објавило – книга, расказ, колумна, стрип. Парите се таму и им се доделуваат на одредени луѓе во медиумите или институциите преку најразлични фондови, кредити, донации и слично, но за жал

огромниот дел од тие пари не се распределуваат понатаму до оние што создаваат, пишуваат, цртаат – тие пари се ставаат во нечиј џеб и исчезнуваат. А уметниците денес најчесто се безгласни букви, мислат нема пари и се согласни да работат за џабе, демек за возврат би добиле простор во медиумите, би се чуло за нив и така натаму, се разбира тука е замешана и политиката, партиската поделеност и ред други работи, но пари има! И за ова би можел да зборувам во некоја друга прилика инаку малку ќе забегам од темата на ова прашање. А во Австралија е поинаку, ако некој побара од тебе да му направиш илустрација тогаш очекуваш за тоа да бидеш награден. Ова зависи од случај до случај, јас сум немал многу прилики да зачекорам подлабоко во тој свет во Австралија, меѓу другото затоа што лебот си го вадам на друг начин, но од она малку што сепак сум го искусил на своја кожа или чул од други уметници, бидуваш награден за својот труд, нема такво нешто како работа за џабе, освен ако се разбира не си решил тоа да го правиш на доброволна основа. Но ако нешто ти се објави за тоа постои хонорар и колку и да е скромен редовно се исплаќа. Тука за хонорар сум правел илустрации по нарачка, сум бил уредно платен за објавени карикатури, продадени слики итн.

## 10 Кои се најголемите пречки и демотивации за еден уметник и како ти ги надминуваш?

Единствениот проблемот е што од уметноста не можеш да се издржуваш. Многу се ретки тие што од неа можат да заработуваат доволно за да живеат нормален живот. Ова сум го сфатил уште додека бев на факултет во Скопје, кога ми се објави мојата збирка раскази. Уште тогаш ми беше јасно дека за да опстанам и ја сочувам својата независност ќе мора да имам постојана работа. Затоа решив да станам технолог и до ден денешен така се издржувам и го надминувам најважниот проблем на секој уметник – а тоа е како да се опстане и како да се биде слободен и независен. Од својата уметност единствено сум заработил нешто, пак недоволно за да се преживее, од продажбата на своите слики, од хонорарот за моите карикатури што едно време се објавуваа во еден магазин во Австралија. Исто добивав релативно пристојни хонорари за наградуваните раскази на конкурсите во Студентски збор и Нова Македонија, во времето кога уште беше Југославија, и за збирката раскази (Нема враќање) што се објави тогаш. Но од кога дојде времето на транзиција не сум добил никаков хонорар од Македонија. На пример не добив ни скршен денар за мојот роман (Маде ин Јабана), во издание на Слово во 2004, ниту за учеството во двете збирки наградени раскази во издание на Темплум. Ниту за објавените песни како дел од една-две збирки објавени од веќе ни самиот не знам кој. Исто не сум добил ни скршен денар ниту за стрипот кој еве гледам речиси секојдневно се објавува по разни портали и е-магазини/весници. Сето тоа се демотивации и многумина од ваквиот однос веројатно уште одамна би се задушиле и потклекнале/исчезнале од сцената, но еве ме, уште сум тука, жилава сорта сум јас и не се предавам така лесно. Сепак на крајот на денот боли кога ќе видиш какви луѓе добиваат признанија, награди, како лесно и за многу помалку создадено стануваат членови на друштвото на писателите, си се затвораат во најразлични литературни, сликарски или стрип кругови и, како што прочитав неодамна, буквално си прават пазарчиња за награди, повеќето од нив дури и измислени и таквите „автори“ преку ноќ стануваат многунаградувани, читам по некои од нив добивале дури и по 10-20 такви награди годишно.

Дипломиран сликар Весна Ничевска Саравинова